**Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) објавува**



# КОНКУРС
## ЗА НАЈДОБРИ НОВИНАРСКИ СТОРИИ

**од сферата на општествено-социјалниот живот, со фокус на унапредувањето на човековите права и промовирањето на правата на социјално ранливите и маргинализирани групи граѓани.**

Јавниот повик е отворен за сите професионални новинари и редакции, кои објавиле свои стории во медиумите во Македонија во периодот од 1 мај 2016 година до 31 мај 2017 година. Пријавените содржини треба да ги исполнуваат критериумите за автентична и аналитична новинарска работа од поширок јавен интерес која ги задоволува етичките стандарди во новинарството, преку демонстрирање силна определба на авторот за доследна и темелна разработка на темата.

Авторите на најдобрите стории ќе добијат парични награди во износ од:

- ✓ прво место - 700 евра (во денарска противвредност)
- ✓ второ место - 600 евра
- ✓ трето место - 500 евра

Изработената содржина може да биде во каква било новинарската форма или жанр (текст, прилог, документарец, репортажа, интервју...)

Сторијата може да биде пријавена од самите новинари и медиуми или од поединци, институции и граѓански здруженија.

Нема ограничувања во однос на бројот на сториите со кои еден новинар или редакција може да учествуваат на конкурсот.

**Конкурсот е отворен до 20 август 2017 година**.

Апликациите може да се испраќаат по пат на:

- ✓ електронска пошта на konkurs@semm.mk, потребно е да се наведе линк до новинарската содржина и истата да се прикачи како додаток во е-пошта (word или pdf документ);
- ✓ пошта на адреса: Совет за етика во медиумите на Македонија Бул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр.54/2**,** 1000 Скопје, содржината да се достави во пет примероци и копија на ЦД (од печатените и од аудиовизуелните материјали), и
- ✓ Лично да се достават во просториите на Советот за етика во пет примероци (и копија на ЦД од печатените и од аудиовизуелните материјали).

Најдобрите стории ќе ги одбере жири составено од реномирани и релевантни претставници на професијата.

Наградите за најдобри стории од сферата на општествено-социјалниот живот, (со заложба да преминат во традиција), Советот за етика на медумите во Македонија (СЕММ) ги доделува за да го поттикне новинарите во промовирање на концептот на социјална инклузија и интеграција на ранливите и маргинализирани групи граѓани, преку професионална и етичка обработка на темите од јавен интерес.

Повеќе информации за конкурсот може да се добијат на email: konkurs@semm.mk

Оваа активност се организира во рамки на проектот финансиран од ЕУ и УНЕСКО "Градење доверба во медиумите во Југоисточна Европа и Турција "